**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ТРЕТ КВАРТАЛ, 2017 ГОДИНА

октомври 2017 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, наспроти непроменетата побарувачка во минатата анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2017 година: задржување на динамиката на нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити, при посилно нето-зголемување на вкупната побарувачка во споредба со очекувањата во претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: умерено нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување кредити, слично како и во претходните две анкети.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити, наспроти умереното нето-зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2017 година: умерено нето-олеснување на вкупните кредитни услови, наспроти малото нето-заострување во минатата анкета, при посилно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити во споредба со очекувањата во претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: Непроменети кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, наспроти нето-олеснувањето во минатата анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-зголемување на побарувачката на вкупните корпоративни кредити, но умерено послабо во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2017 година: мало нето-олеснување на вкупните кредитни услови, слично како и во претходната анкета, и нето-

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог кој може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

зголемување на побарувачката на вкупните кредити, со иста динамика како и во претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, наспроти умереното нето-затегнување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на населението, но послабо во однос на минатата анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2017 година: посилно нето-олеснување на вкупните кредитни услови во однос на очекувањата од претходната анкета, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити, слично како и во минатата анкета.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, слично како и во претходните две анкети.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, посилно во однос на минатата анкета.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2017 година: непроменети кредитни услови на вкупните корпоративни кредити и мало нето-зголемување на побарувачката, наспроти очекувањата за нето-заострување на кредитните услови, односно нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити во претходните две анкети.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: умерено нето-затегнување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, наспроти позначителното нето-олеснување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но значително послабо во споредба со минатата анкетата.

- Очекувања за четвртиот квартал на 2017 година: мало нето-олеснување на кредитните услови, слично како и во претходната анкета, при нето-зголемување на вкупната побарувачка, наспроти очекувањата за непроменета побарувачка во минатата анкета.